


# ИНТЕРВЈУ: **Јордан Коцевски**

Јордан Коцевски е млад ентузијастички настроен стрип-сценарист од Охрид, кој зад себе има оставено голем број на соработки со стрип-цртачи и уште многу кои допрва ќе се случат и планираат. Иако образованието му е посветено на сосема различна струка, неговата пасија кон пишаниот збор и неговиот труд и заложување околу истото го прави професионалец и на полето на стрипот. Накратко тој самиот ќе се претстави пред да го започнеме нашиот неформален разговор, разговор каков што доликува на искрени луѓе и луѓе без влакна на јазикот каков што е Јордан:

„Роден сум пред три декади (за некој ден и една година) во Охрид. Тука дипломирав на Факултетот за туризам и угостителство и се вработив тогаш како демонстратор, магистрирав и најверојатно кога ќе излезе овој број од „Македонска ризница" веќе ќе сум доктор на науки. Се надевам дека набрзо ќе ме унапредат во професор. Имам бројни стручни публикации, но сепак вистинската страст ми е пишувањето на проза и сценарија за стрип. Имам објавено една збирка на детективски раскази во 2001та година, а наредната ја планирам за оваа година.

Моментално живеам во хармонична брачна заедница во Охрид. Имаме едно мало суштество кое три години не престанува да ме изненадува и инспирира. Е, тоа е тајната на успехот."

**1. Кога започна да се интересираш за пишаниот збор и како тоа доведе до желбата за пишување сценарија за стрип?**

Искрено, пишувањето од секогаш ми било страст, иако понекогаш било ставано во шеснаесетти план. Првите мои дела ги имам напишано на седум години, кратки преснички за животните, приказни за прошетки низ шумата... и такви невини работи. Што се однесува до стриповите за прв пат стрип имам напишано (а и нацртано) додека бев второ одделение, со главните ликови „Сончко" и „Смешен". Меѓутоа можам да кажам дека моето вистинско прво стрип сценарио го имам напишано пролетта 2009та година, кое беше наменето за проект за факултет на мојот драг пријател Андреј Манев, насловено како „Освојувачи". Проектот се состоеше од три кратки стрипа од по две страни со научно фантастична тематика.

**2. Кои стрипови ти се омилени и дали има конкретен автор кој најмногу те инспирирал за пишување на свои сценарија?**

Немам баш некој омилен вид или жанр на стрипови. Читам сè што сметам дека има интересна приказна, од јапонска манга, преку европските француско-белгиски и италијански стрипови, па сè до (иако помалку и поретко) американските супер херои. Последно време читам стрипови кои се од независни издавачи. Што се однесува до автор кој ме инспирирал, немам некој кој посебно би го истакнал и кој свесно влијаел врз мене. Во моментов читам стрипови напишани од Ед Брубакер (Ed Brubaker).

**3. Со кои цртачи си соработувал до сега и по кој критериум ги одбираш?**

Досега имам соработувано само со „наши" цртачи, меѓу кои Дарко Богданов, Андреј Манев, Игор Јовчески, Весна Ничевска Саравинова, Стефан Коцевски и Ивана Коцевска (Коцевците не ми се рода, по случајност се погодивме презимењаци). Моментално работам на сценарио за еден пријател од Германија. Мојот главен критериум за избор на илустратор е едноставен: да не бара хонорар за нацртаното. Најчесто гледам тематиката и идејата која ја имам да е компатибилна со стилот на илустраторот. Меѓутоа мојот главен и примарен цртачки соработник Дарбог (Дарко Богданов), успеа да ме убеди во спротивното. Минативе години тој успеа да сработи разни сценарија со разна тематика и во различен стил. Така да јас сум желен да напишам сценарио за секој кој има желба да го нацрта – без било какви критериуми и стандарди за избор.

**4. Како се одвива целиот процес на работа и соработка меѓу сценарист и цртач?**

Многу весело - јас пишам, праќам, тој се жали, јас се лутам, па после јас наоѓам мани, тој се лути и на крај компромис. Најчесто кога ги правам сценаријата правам и распоред на кадри (што и не мора), и како такво

сценариото го испраќам до избраниот ми партнер. Често давам детални описи на сцените, во врска со позадини, поставеност и „позата“ на ликовите, дејствијата и слично. Затоа чекам фидбек дали тоа може да се реализира онака како што сум го замислил, а најмногу во врска со просторот во кадрите - дали има доволно простор за текстот, дали има потреба од екстра „квадратче“, дали треба нешто да се крати или не. Во зависност со идејата и концептот на приказната ги правам неопходните промени, ако има потреба од нив или ако во дискусијата сме дошле до некое подобро решение за страната. Иако ретко, но се случува и да се додаде страница, ако уметникот е расположен за екстра работа. Наредно ги добивам скиците и ги кажувам моите забелешки – дали тоа што е скицирано е тоа што сум го замислил. Последните забелешки следуваат пред да се додаде тушот. И затоа кога ќе бидне целиот стрип, вообичаено немам никакви забелешки. Барем за сега процесот одел вака и без лутење и суети.

**5. Кои жанрови најмногу ги обработуваш и во кој стрип најмногу си уживал додека си го создавал?**

Па... научна фантастика, хорор, драма, трагедија, љубовни, комедија, црн хумор, стим панк, митски, пародија... немам некој конкретен жанр за кој се држам кога се работи за стрипови. Сè зависи од идејата и пораката која сакам да ја пренесам. Ете, уште едно тешко прашање... бидејќи уживањето кај мене се манифестира различно. Сепак би рекол дека тоа е стрипот „Ветување“, чија главна тематика е напуштеноста на планинските села, посебно во Мариово. За овој стрип направив подетално истражување, за носии, облеки, куќи и сл., при што се обидував да ја доловам цела таа тмурна и тажна атмосфера без да употребам дијалози и зборови, а во едно да се пренесат емоциите на човек кој се враќа во својот долго напуштен дом. Инаку, самиот стрип ме инспирира да напишам поема, со истиот наслов, а која беше објавена токму во „Македонска ризница“ во августовскиот број од минатата година.

**6. Во најава е стрип албумот во кој ти си сценаристот и во кој се твоите соработки со повеќе цртачи, може ли поопширно да ги запознаеме читателите за што се работи ?**

Не, стрип албумот е најголема тајна и за него нема да зборувам да не го заречам. Нема да им кажам на читателите дека ќе имаат можност да уживаат во околу 60 стрип табли и 18 кратки стрипови собрани во еден албум кој ќе го носи називот „Мрак, хумор, тишина“. Вториот роб на овој проект е тој што црта најмногу за мене, Дарко Богданов. Се работи за наши собрани дела од јуни 2009та, кога нашата соработка започна, па сè до денес. Поради тежината на оваа дејност, моравме да вклучиме уште неколку робови за извршување на понеобемните задачи, како што се Аце (Александар Стеванов) за да пиши крвави работи, Манев за митски работи и бајки, Игор (Игор Јовчевски) за цртање деца во пижами, Весна (Весна Ничевска – Саравинова) за голотии и Стеф (Стефан Коцевски) за да ја зголеми цената за печатење со страниците шо ги обои. Самиот наслов зборува за содржината, односно сите стрипови се тематски распределени во три категории кои ќе ве водат низ разни емоции и чувства, почнувајќи од страв и мрак, па радост и смеа, за да завршиме со сериозни теми во трите „неми“ стрипови кои ќе разбудат сосема поинакви емоции кај читателот. Стрип албумот е завршен, така што сега се работи на негова подготовка за печатење, а печатењето ќе биде во оваа нова 2014та година. Промоција... наскоро.

**7. Со какви тешкотии се соочуваат оние кои се занимаваат со стрип во нашата држава?**

Со многу тешки тешкотии, од оние најтешките, најмногу затоа што леб од стрипови цртање/ пишување во Македонија не се вади. Потребен е огромен труд за да се заврши еден стрип албум, а да не зборуваме за време. Потоа големи трошоци за печатење, промоција... за на крај да си среќен ако дојдеш на нула. Сепак мислам дека работите securities полека се менуваат, јавноста станува свесна за оваа уметност, интересот се зголемува, па да се надеваме дека ќе се зголеми и интересот за стрипови од домашни автори, посебно затоа што во последниве години почнаа да се појавуваат изданија од наши автори.

**8. Покрај последниот проект за издавање на стрип албум, кои се твоите идни планови на полето на стрипот?**

Планови за среќа има многу, нешто се планира

за подалечна иднина ако сме здрави живи, така што сега можам да зборувам на плановите кои има реални шанси да ги реализираме во наредната година. Покрај „Мрак, хумор, тишина“ за наредната година со Дарко Богданов имаме планирано три проекти. Приоритетниот проект го носи работниот назив „Knights of the neighborhood“ (Витези од соседството). Сценариото за истиот е веќе готово и ќе има 40 страни, при што се планира и втор дел од истото. Се работи за две урбани приказни, поврзани со дрога и тежината да се биде наркоман, со малку акција, и со тоа колку погрешно може да излезат работите кога се изгледа совршено. Пред сè се работи за донесување на одлуки, добри и погрешни и последиците од донесените одлуки. Планот е овој проект да биде нацртан во текот на оваа година, а објавен наредната.

Вториот проект кој го планираме за наредната година е започнување на два онлајн стрипови. Првиот, кој најверојатно и ќе го реализираме, се вика „Чудовишча“. Иако во својата суштина потсетува на пиксаровиот „Monsters Inc.“ се работи за каиши и стрипови од една страна во кои доминира црниот хумор и реалистично-карикатурниот стил на претставување на чудовиштата. Вториот стрип ќе биде „fan art“ на еден познат супер херој (нема да откријам кој). Идејата е на одреден временски период да се објавува по еден каиш или страна од стриповите. Па се надевам дека оваа година ќе ни биде „плодна и бериќетна“ не само со планови, туку и со реализации.

Весна Ничевска Саравинова



**Дарко Богданов** живее и работи во Виница, дипломирал на отсек графика на Националната академија во Софија, Бугарија и веќе повеќе години се занимава професионално со цртање стрипови. Меѓу соработките со другите сценаристи се издвојува неговата соработка со стрип-сценаристот Јордан Коцевски. Тој за таа соработка кажа :

„Уште од моментот кога јас и Јордан се запознавме, тоа беше некаде 2009та година кога и официјално започнавме да соработуваме, работите се поклопија навистина сами од себе – тој сакаше да пишува такви приказни како што јас сакав да цртам. А со тоа што не се задржуваше на само еден конкретен стил и жанр на пишување, мене како цртач ми даде шанса за повеќе експериментирање, како со различни стилови на цртање и материјали за работа, така и во поглед на компонирањето на таблите и целокупниот визуелен впечаток. Тоа пак од друга страна мислам дека и него го поттикна за сѐ поголема ангажираност со пишување сценарија и истражување на нови жанрови, кои сѐ уште не сме ги испробале, но ќе биде во блиска иднина. Бидејќи никој од нас не живее од креирање стрипови, понекогаш работите и бавно одат, но како така за 4 години се собраа доволно стрип табли за да се склопи еден стрип албум кој е во процес на подготовка за печатење, и треба да се појави во печатена форма во 2014 година. А тоа ќе биде само почеток, бидејќи имаме уште доста заеднички работи кои се на листата на чекање. Иако и двајцата соработуваме понекогаш и со други цртачи и сценаристи, соработки кои се секоја на свој начин интересни и убави, мислам дека кога овој наш мал тим е во погон, најсилно се гледа ентузијазмот и желбата за работа. Се надевам само дека како старееме дека нема да не напушти тоа нешто. За доброто и на нас самите а и на потенцијалната стрип публика која нашите приказни би ја имале .“

**Андреј Манев** е млад стрип –цртач од Охрид кој веќе неколку години ентузијастички работи и се надоградува на полето на стрипот. Иако неговото образование е во сосема друго поле, тој во сиот свој жар и љубов кон стрип –уметноста надминува многумина таканаречени уметници. Тој најмногу соработува со стрип- сценаристот Јордан Коцевски .

„Мој прв илустриран стрип е „Освојувачи" кој е работен по сценарио на Јордан Коцевски, со што започна нашата соработка. Две последователни години учествуваме како тим на „Балканската смотра на млади стрип автори" во Лесковац- Србија, и тоа со стриповите „The Slayer" (кој е и наша прва официјална соработка) и „Волкот лош". Пред две години учествувавме на Стрип фестивалот во Велес, со стрипот „Кај водопадот". Нешто што ме прави посебно горд од досегашната соработка е првата награда која ја добивме на интернационалниот конкурсот за стрип на издавачката куќа„ GrozenEnt." од Бугарија , со стрипот „Dragon Slayer Wanted". Во врска со стрип албумот „Мрак, хумор, тишина" кој е во подготовка, може да се пофалам со три стрипа што се илустрирани од мене, во сценарио од Јордан. Интересно ќе е тоа што публиката ќе може да се запознае со дел од македонските стрип автори и да ги види нивните дела на едно место."

